РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-328/4
15-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-328/1 од 22.01.2025 година, оформен по наводи за вработување на лицето /// на ЈЗУ /// во текот на времетраењето на изборен процес, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-328/1 од 22.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител на ден 24.12.2024 година поднесено е дополнување кон пријава врз чија основа ДКСК има оформено предмет во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање. Во дополнувањето кон пријавата се содржани наводи за вработување на лицето /// на ЈЗУ /// во тек на времетраење на изборен процес. Со оглед на тоа што дополнувањето содржи наводи од надлежност на Секторот за спречување на корупцијата, на колегиум на ДКСК одржан на 21.01.2025 година ДКСК заклучи да се оформи предмет во Секторот за спречување на корупцијата, во чии рамки ќе бидат преземени дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба во однос на наводите за вработување во тек на времетраење на изборен процес, по што е оформен предметот со број 12-328/1 од 22.01.2025 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

Според изнесеното во пријавата, службеното лице /// било вработено во ЈЗУ /// во февруари 2024 година, по распишување на Парламентарните избори 2024 година, па имајќи ја предвид забраната за спроведување на постапки за вработување во текот на изборен процес, подносителот на пријавата изразил сомневање во однос на законитоста на конкретната постапка.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до ЈЗУ ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Врз основа на Договор за вработување склучен на ден 08.02.2024 година помеѓу директорите на ЈЗУ /// - /// и здравствениот работник со звање доктор на медицина ///, здравствениот работник засновал работен однос на неопределено време со полно работно време почнувајќи од 09.02.2024 година, на работното место доктор на медицина во /// - ///, како давател на јавни услуги во здравството.
На склучувањето на договорот за вработување му претходело спроведување на постапка за вработување без јавен оглас преку трајно преземање, започната со Барање за согласност за трајно преземање на здравствениот работник, упатено од ЈЗУ /// до ЈЗУ /// во јануари 2024 година, по што во истиот период помеѓу директорите на ЈЗУ ///, директорите на ЈЗУ ///, директорите на ФЗОРСМ и здравствениот работник /// била склучена Спогодба за вработување на здравствениот работник без јавен оглас преку трајно преземање. Пред склучувањето на Спогодбата за преземање, од буџетот на /// биле обезбедени финансиски средства, а работното место доктор на медицина било систематизирано и не било пополнето, за што во јануари 2024 година биле известени Министерството за здравство и Министерството за финансии. За трајното преземање на /// од ЈЗУ /// во ЈЗУ /// била дадена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација, во која е оценето дека, со оглед на тоа што работното место од кое вработениот се презема и работното место на кое вработениот се презема се од иста група и исто ниво, во целост се исполнети условите утврдени во член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор. На Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈЗУ /// била дадена согласност од Министерството за здравство во септември 2023 година, а позитивно мислење од страна на Министерството за

информатичко општество и администрација било дадено во декември 2023 година.

Според член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор,
*„(1) Вработениот во јавниот сектор, на негово барање, по потреба на институцијата во која е вработен или по потреба на друга институција, може да биде трајно преземен на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција, ако за тоа се согласат вработениот и раководните лица на двете институции, а по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот“.*

Според член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и според член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,
*„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“.*

На ден 14.02.2024 година, Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, донесе Решение за распишување на избори за пратеници на Република Северна Македонија, број 09-1169/1, заведено во Државната изборна комисија под број 10-435/1.

Со оглед на наведеното, а имајќи предвид дека постапката за вработување без јавен оглас преку трајно преземање на здравствениот работник ///, која е спроведена согласно одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор, е започната и завршена пред 14.02.2024 година, односно пред датумот на донесување на Решението за распишување на избори за пратеници на Република

Северна Македонија, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата